Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 30.09.2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
03 | 4668 | 1 |
15:32

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот 12 до 21 септември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 27.09.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје го прекрши член 75-б од Изборниот законик, со тоа што емитуваше информации за редовни активности на власта чија цел е да се промовираат резултати од политики и проекти, кои се во функција на изборно медиумско претставување на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Активностите на власта се претставуваат како активности на партија.

Станува збор за следните прилози:

- 13.09. Дневник во 19 часот
    - "Како дел од 40-те мерки за млади, Груевски најави дека во Студенските домови ќе има машини за перење и сушење"
    - "Бесплатен туристички викенд за пензионерите ќе продолжи и во 2017 година"
    - "10 нови преводи на проектот 1000 светски изданија на македонски јазик"

- 17.09 Дневник во 19 часот
  - “Груевски со Трајановски, Трајковски и владини претставници во поплавените места во скопско„
  - „Стипендии за над 40 студенти за најпрестижните универзитети во светот„
  - “Посебен додаток ќе добиваат децата со цистична фиброза“
- 18.09 Дневник 19 часот
  - „Канадска „ОНЕ КОНТАКТ“ почна со работа. Инвестицијата овозможува 200 вработувања на млади“
  - “Мерка бесплатен железнички превоз за млади во секој прв и трет викенд продолжува“
- 21.09 Дневник 19 часот
  - “За четирите спортови кои ќе се изучуваат на Спортската академија ќе бидат ангажирани врвни спортски тренери од странство“.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љубомир Костовски ____________________
2. Горан Трпеноски ____________________
3. Љуљзим Хазири ____________________